**УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ**

Списанието „Прилози“ на Одделението за медицински науки на Македонската академија на науките и уметностите излегува трипати годишно и е цитирано во Index Medicus и во Medline и е достапно на www.manu.edu.mk/prilozi. Во него се објавуваат едиторијали, изворни научни трудови, научни соопштенија и прегледни статии (клинички, лабораториски и епидемиолошки искуства, прикази на случаи, куси соопштенија, писма до уредникот, историски записи и др.) од обласга на медицинските науки. Трудовите не треба да ги содржат резултатите што авторите веќе ги објавиле во други публикации или списанија.

Трудовите предложени за објавување во „Прилози“ ги рецензираат двајца стручњаци од соодветната научна област, кои за авторите остануваат анонимни.

Трудовите се објавуваат на англиски јазик со резиме на англиски и на македонски јазик.

Трудот треба да биде отчукан со новинарски проред (28–30 реда), на бела хартија од формат А4, со маргини најмалку 3 cm или на компјутер – програма Word for Windows, со приложена дискета или ЦД.

Обемот на оригинален научен труд, вклучувајќи ги и прилозите (илустрации, графикони, табели) не смее да биде поголем од еден авторски табак (30.000 знаци, односно 16 страници од 28 реда). Обемот на кратките соопштенија не треба да биде поголем од седум страници.

На трудот, покрај името и презимето на авторот/авторите, треба да биде наведена установата или организацијата во која е изработен трудот.

Трудот треба да содржи апстракт од најмногу 250 збора на англиски јазик, како и апстракт на македонски јазик. Апстрактот треба да содржи краток приказ на целта на трудот, методите на работа, битните резултати (со нумерички податоци) и основни заклучоци. Заедно со апстрактот треба да бидат доставени најбитните клучни зборови. Клучните зборови за медицинските науки се наведуваат во согласност со M.E.S.H.

Трудот по правило треба да содржи: вовед, материјал и методи, резултати, дискусија и заклучок. Воведот мора да биде краток, со јасно дефинирана цел и со досегашно познавање на проблемот. Материјалот и методите треба да содржат доволно податоци од кои читателот ќе биде во состојба да ги повтори испитувањата без дополнителна информација. Резултатите треба да бидат напишани кратко и јасно, а дискусијата да ги објасни резултатите.

Мерните единици и другите технички податоци мораат да бидат усогласени со Sl-системот.

Илустрациите се приложуваат посебно. Графиконите и цртежите треба да бидат на паус или на бела хартија, контрастни, а ознаките и бројките во графиконите сразмерни на големината на цртежот, за да останат читливи по редуцирањето на големината на цртежот. По правило не треба да бидат повеќе од четири. Нивното место во текстот да биде означено. Сите илустрации треба да имаат легенди на англиски јазик.

Табелите можат да бидат приложени посебно, но нивното место во текстот да биде означено. Насловите на табелите треба да бидат напишани на англиски јазик.

За трудовите од областа на медицинските науки, во принцип, важат упатствата објавени во „Brit. Med. Journal“, Vol. 296, 1988, p. 101–105 („Ванкуверските правила“), односно N. Engl. J. Med., Vol. 324, 1991, p. 424–428.

Литературата се цитира во оригинал, и тоа по следниов редослед: презиме и почетна буква од името на авторот, наслов на трудот, назив на списанието, година на објавување на цитираниот труд, годиште и број, страници (од–до). Доколку се цитира книга или зборник на трудови, се наведува и издавачот и местото на издавање (пред страниците). Ако се цитира труд од повеќе од три/шест автори, по третиот/шестиот се додава „и сор.“, односно *„et al.“*. Во текстот на трудот се наведува

првиот автор и годината ставени во загради [ ], односно бројка во загради, доколку библиографијата е нумерирана. При прва употреба на кратенка, во заграда да се даде нејзиниот полн назив.

Кратките соопштенија кои се објавуваат во сп. „Прилози“ (до 7 чукани страници) не мора да ги содржат поглавјата вовед, материјал и методи, дискусија и заклучок, но тие мораат да бидат содржани во текстот.

Трудот треба да е придружен со писмо од авторот за контакт, со изјава дека трудот не бил објавен или поднесен/прифатен за печатење во друго списание или научна публикација, и со потврда дека трудот е разгледан и одобрен од сите коавтори, т.е. со придружна декларација за можен конфликт на интереси од авторите. Треба да се објасни придонесот на секој автор во трудот. Трудот станува сопственост на *Прилози.*

Ракописите се доставуваат до Уредувачкиот одбор на сп. „Прилози“ на Одделението за медицински науки на МАНУ во два примерока (оригинал и копија) и електронска верзија на трудот.

**Авторите на трудовите треба да ги покријат трошоците за печатење и за интернет-објавување на своите трудови.**

**Авторите на трудовите треба да ги потпишат трите документи што го придружуваат трудот: Формуларот за конфликт на интереси, Формуларот за авторски права и Формуларот за етичка одговорност.**

**Формуларите се достапни на: manu.edu.mk/prilozi.**